Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3088/1 од 03.12.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за избор на лицето ---------- -------- за директор на ООУ„ --------- -----------" -. ----------- ------------ во општина -------------, по јавен оглас објавен на 12.11.2024 година**, СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-3088/1 од 03.12.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-3088/1 од 03.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 03.12.2024 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за избор на лицето ---------- -------- за директор на ООУ„ ООУ„ --------- -----------" -. ----------- ------------ во општина ------------- по јавен оглас објавен на 12.11.2024 година, по што оформен е предмет број 12-3088/1 од 03.12.2024 година.
Во пријавата е наведено дека Градоначалникот на општина -------------- го именувал лицето ------------ ------------- за директор на предметното училиште иако во моментот на изборот за директор ова лице поседувало и во постапката приложило сертификат за познавање на

англиски јазик кој не бил предвиден како соодветен сертификат за познавање на англиски јазик во Законот за основно образование.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од општина ------------ да достави информација за тоа дали во постапката на именување на лицето ----------- -------------- за директор на ООУ„ ------------- ------------“ -. ------------ ----------- биле исполнети условите дефинирани во членот 109 од Законот за основно образование, со достава на прилог документација. Воедно, ДКСК се обрати до Државен просветен инспекторат со барање да се изврши вонреден надзор во предметното основно училиште по однос на пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Градоначалникот на општина ------------ на ден 08.11.2024 година објавил јавен оглас број 02-319/1 за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на директор на ООУ„ ------------- ------------“ -. ------------ -----------.
На објавениот јавен оглас се пријавиле двајца кандидати од кои едниот кандидат ги повлекол документите, додека вториот кандидат како единствен кандидат бил именуван за вршење на функцијата, од страна на Градоначалникот на Општината со Решение со број 08-3132 од 02.12.2024 година. .
Постапката за избор била спроведена од Комисијата за избор на директор на училиштето која што на состанокот одржан на 22.11.2024 година по извршени дополнителни проверки и консултација со Британскиот совет констатирала дека приложениот сертификат за познавање на англиски јазик е валиден и дека лицето ---------- ----------- ги исполнува условите за избор на директор утврдени во предметниот јавен оглас за што бил изготвен Записник од разгледување на документите по предметната постапка.
Комисијата доставила предлог до Училишниот одбор, кој донел одлука до Градоначалникот на општината да се предложи лицето ----------- ----------- за директор на предметното училиште.
Градоначалникот на Општина -----------, постапувајќи по предлогот на Училишниот одбор на наведеното училиште, на 02.12.2024 година донел Решение за именување на лицето ----- ----------- -----------за директор на основното училиште.

Државниот просветен инспекторат, на ден 16.02.2026 година извршил вонреден надзор на постапката за избор на директор во предметното училиште. Од страна на државниот просветен инспектор бил изготвен Записник во кој констатирал дека лицето -------------- ----------------во моментот на изборот за директор на училиштето, како единствен кандидат во постапката, **не ги исполнувал условите** за поседување сертификат за познавање на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

англиски јазик односно, дека поседувал сертификат за познавање на англиски јазик со ниво CEFR C1 на тестот English Score Core Skills, кој не бил наведен како соодветен сертификат за познавање на англиски јазик во членот 109 од Законот за основно образование, кој важел во моментот на неговиот избор.

Со измените на Законот за основно образование кои стапиле на сила од 11.01.2025 година, 1,5 месец по изборот, направена е измена на членот 109 од истиот и утврдено е дека условот кој се однесува на соодветен сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански), кој треба да е на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик.

Со оваа измена, престанал да важи условот дека за директор на основно училиште може да се избере лице кое има соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода или КЕТ (KET) (Cambridge English) - положен, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека со изборот на лицето ------------- ------------- за директор на предметното училиште, кое во моментот на изборот не ги исполнувал условите за поседување на сертификат за познавање на англиски јазик предвиден со Законот за основно образование кој бил во важност, сторена е повреда на Законот за основно образование.

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред надлежен орган за одговорните службени лица кои биле вклучени во постапката за избор на директор на предметното училиште.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија